***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати  и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**Теренски помошник оператори во Погон за производство**
Одговорен за следење и контрола на правилната и точната работа на процесната опрема, како и помагање во водење на технолошкиот процес на подготовка на суровинско брашно, процес на добивање готов производ, пакување и палетизирање на цемент и усјемал во склад со процедурите за работа. За време на застои и заглавување учествува во отстранувањето на дефектите, одглавувањето, и расчистувањето на Погонот. Работното време се одвива во три смени. Основната нето плата за работното место изнесува од 31.900, додека платата се зголемува со додатоците за сменско работење и прекувремена работа.
Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, колективно приватно здравствено осигурување, како и додатоци за ноќна, празнична и прекувремена работа. На ова работно место следуваат и други бенефиции, како бонус за успешно работење.

**Квалификации на кандидатите:**
- ССС/IV степен стручна подготовка
- Претходно работно искуство од 1 година ќе се смета за предност

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**
1. Мотивациско писмо
2. Биографија (CV)
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, хендикеп, возраст, сексуална определеност, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на Цементарница УСЈЕ http://www.usje.mk во делот „Кариера/Придружете ни се“ или на mail: hr@usje.mk или да достават CV во архива во просториите на Цементарница УСЈЕ.**

Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.

Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.